# Извадок на дел од дневните настани 25.11.2024

На 24.11.2024 во 17.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода О.А.(45) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена кафеава прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 24.11.2024 во 10.00 часот во с.Романовце, кумановско, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода К.С.(30) од с.Романовце. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени два пиштоли „Зораки" со рамки и една кутија со 30 куршуми калибар 9 мм. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.11.2024 во 04.00 часот кај с.Богородица, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица го лишиле од слобода Т.Н.Ј. од Република Турција. При преглед во возилото „дачија дастер" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 15 лица мигранти, од кои шест малолетници. Мигрантите биле сместени во прифатно - транзитен центар во Гевгелија, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена пријава.

На 24.11.2024 во 23.40 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Н.Г.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 19.30 часот во с.Волково, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 21.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Б.(19) и С.К.(18), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 13.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена дробилка со марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 12.40 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле А.А.(24) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени гасен пиштол, рамка со 16 метални дијаболи и др. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 12.00 часот во с.Форино, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Чегране го привеле Л.М.(25) од с.Форино, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста во сообраќајот". Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 24.11.2024 во 21.50 часот на ул.„Столарска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Ј.В.(29) од Битола, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на настанот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 25.11.2024 во СВР Битола било пријавено дека во 09.00 часот во нива во с.Драгожани, битолско, од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување била подигната артилериска граната калибар 105 мм од Прва светска војна.

Денеска (25.11.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат за Средно Водно, патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.П.(22) од Скопје, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (25.11.2024) во 01.00 часот во Полициската станица Карпош, И.С.(18) од Штип пријавила дека на подрачјето на Карпош во Скопје била касната од куче скитник.

На 25.11.2024 во 10.00 часот на Граничен премин Табановце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода С.А.(48) од Кочани поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина" по член 380 од Кривичниот законик. Имено, при контрола на патничкото возило „фолксваген пасат" со италијански национални ознаки, кое го управувал, било констатирано дека ВИН бројот во сообраќајната дозвола не се совпаѓал со ВИН бројот на возилото. Заедно со возилото, тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.11.2024 во 01.40 часот на брегот на Охридското езеро кај охридското село Пештани, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Охридско езеро ги лишиле од слобода М.П.(43) и А.Б.(42), двајцата од охридското село Трпејца. Тие се сомничат дека сториле кривично дело „незаконит риболов", а при преглед во нивниот чамец пронајдени и одземени се три рибарски мрежи во должина од по 50 метри. По консултации со јавен обвинител и по целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.М.(57) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „симнување или оштетување на службен печат или знак". Тој, во текот на 2024 година на катастарска парцела во охридското село Велестово, бесправно и спротивно на Законот за градба, неовластено изградил темели за станбен објект што било констатирано од овластен градежен инспектор при увид и контрола извршена на 01.10.2024 година. Притоа, било донесено решение за отстранување на градбата и била поставена службена табла и лента за затворање на градилиштето. При повторна контрола, овластениот градежен инспектор констатирал дека пријавениот бесправно ја отстранил лентата и таблата и бесправната градба била продолжена.

На 24.11.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Гевгелија, Р.Ц.(36), лекар во Итна медицинска помош Гевгелија пријавил дека околу 12.00 часот во Медицински центар Гевгелија бил физички нападнат од А.К., возач во Итна медицинска помош Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.11.2024) во 03.16 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Методија Шаторов Шарло" на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил опожарен стан – деловен простор на Адвокатската комора на РСМ. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен е увид од увидна екипа од СВР Скопје, Одделот за форензички испитувања при МВР и јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.11.2024 во 17.50 часот во СВР Скопје, М.А.(25) од Скопје пријавил дека околу 17.25 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.11.2024 во 22.45 часот во СВР Скопје, Т.А.(56) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од Г.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.11.2024 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 15.30 часот на Меѓународниот аеродром Скопје, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Р.(33) од с.Марино, скопско и А.Д.(30) од с.Зелениково, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, А.С.(41) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на Чаир, едно лице со употреба на сила од неговата 17-годишна ќерка одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(35) од Валандово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.04.2024 на локален пат Кичево - с.Бигор Доленци, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „опел вектра" со бугарски национални ознаки, управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.З.(36) од тетовско село поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" во врска со семејно насилство и „загрозување на сигурноста". На 20.11.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга.

СВР Битола поднесе кривична пријава против В.И.(47) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 31.10.2024 во просториите на детска градинка во Прилеп, пријавената, вработена во градинката, по кратка расправија, упатувала закани кон друга вработена.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија поднесе кривична пријава против А.А.(20) од Авганистан, и А.К.(23) од Пакистан, двајцата со престој во Република Грција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 22.11.2024, пријавените во својство на водичи, од територијата на Република Грција прифатиле две групи од вкупно 11 лица мигранти и илегално и пеш ги префрлиле во с.Богородица, гевгелиско. Од судија на претходна постапка, на пријавените им била изречена мерка притвар во траење од 30 дена.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.П.(37) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". На 21.11.2024 на регионален пат во правец кон Неготино, пријавениот бил затекнат како со возило „ауди А6", негова сопственост, прифатил 10 мигранти од Сирија, од кои еден малолетник. Од судија на претходна постапка, одредена е мерка притвор во траење од 30 дена.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Р.И.(20) од Република Украина, со живеалиште во Република Бугарија. На 20.11.2024, пријавениот со патничко возило „фолксваген голф" со бугарски национални ознаки, при излез од државата на Граничниот премин Деве Баир, приложил фалсификувана украинска возачка дозвола.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции странци и реадмисија при Регионален центар за гранични работи Север, поднесе кривична пријава против Е.К.(34), С.К.(29) и Х.С., сите од Рпублика Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело кривично дело „фалсификување исправа". На 13.11.2024 на излез од државата на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, пријавените на пасошка контрола приложиле турски патни исправи и фалсификувани словенечки дозволи за престој.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет